| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Училишното ѕвонче не вика |
| **Содржина на денот** | Азбуката наша |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Благица Чаневска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Негување навики за редовно миење раце по прошетка и доаѓање од надвор. |
| **Активност** | Заминувањето од градинка во училиште за децата претставува нов предизвик и радост(слика 1), затоа да го поминеме денот во весело и ведро расположение со пеење на песната „Азбуката наша“ од Поточиња 2008г, а воедно и ќе му помогнеме на детето преку песна да ја научи нашата азбука. Пуштете му ја на детето нека ја слушне песната, а потоа објаснете му ги стиховите повторувајќи го текстот од секој стих. Во продолжение со неколку повторувања обидете се детето мелодиски и текстуално да ја меморира песната. Активноста звршете ја со доучување на азбуката како и со пишување на буквите кои Вие ќе му ги напишете, а детето ќе гледа и само ќе ги пишува. Понудете му боици како буквите би ги пишувало со различна боја за поинтересно но и полесно препознавање и именување на буквата(слика 2 и 3 ). Во текот на пишувањето на буквите пофалете го и поттикнете го детето за пишување. На крај побарајте од детето да се потпише со своето име на листот и листот закачете го на видно место како детето би се гордеело со своите постигнувања( слика 4). |